1830
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

СЛУ
НА СОЦИЈАЛИСТИ ... ПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-19644

Петок, 30 јули 1982
БЕЛГРАД
БРОЈ 46 ГОД. XXXVIII

Цена на овој број е 30 динари. Претплатата за 1982 година изнесува 1.140 динари. Рок за рекламации 15 дена. — Редакција: Улица Јована Ристиќа број 1. Пошт. фах 226. — Телефони: Централа 650-135; Уредништво 651-855; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

575.

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77) и член 36 став 4 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/72, 55/72, 28/73, 36/75, 58/75, 7/77, 61/78, 26/79, 5/80, 63/80 и 3/81), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДЕВИЗИТЕ ШТО ГРАЃАНИ И ГРАЃАНСКИ ПРАВНИ ЛИЦА ГИ ДРЖАТ НА ДЕВИЗНА СМЕТКА ИЛИ НА ДЕВИЗЕН ШТЕДЕН ВЛОГ И ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ПРОДАЖБА НА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ ОД ДОМАШНО ПРОИЗВОДСТВО ЗА ДИНАРИ ШТО ПОТЕКНУВААТ ОД ПРОДАЖБА НА ДЕВИЗИ И ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ ОСНОВЕН ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ТИЕ ПРОИЗВОДИ

1. Девизите што ќе ги внесат или ќе ги примат од странство граѓаните и граѓанските правни лица можат да ги продадат на овластената банка и на овластен менувач или да ги ставаат на девизна сметка или девизен штеден влог кај овластена банка или кај поштенската штедилница.

Девизните сметки и девизните штедни влогови гласат на име.

2. Граѓаните и граѓанските правни лица ги користат девизите од девизната сметка или од девизниот штеден влог во оној вид девизи во кој ги депонирале.

На барање од граѓаните и граѓанските правни лица, овластената банка може да изврши замена на една конвертибилна валута во друга конвертибилна валута за потребите на плаќање во странство и за трошоците за патување во странство.

На барање од граѓаните и граѓанските правни лица, девизната сметка или девизниот штеден влог во конвертибилна валута може да се води и во динарска противвредност на таа валута (во конвертибилни динари), со право на купување на која и да е конвертибилна валута за потребите на плаќање во странство и за туристички патувања во странство и за купување на одделни производи од домашно производство во земјата.

3. Девизите ставени на девизна сметка или девизен штеден влог граѓаните и граѓанските правни лица можат да ги користат:

1) за плаќања во странство што се однесуваат на увоз на стоки и за други плаќања за лични потреби на сопственикот на девизната сметка и за потребите на членовите на неговото семејство (брачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите);

2) за купување на хартии од вредност што организациите на здружен труд ги издаваат во смисла на член 89 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство.

Граѓаните и граѓанските правни лица можат девизите ставени на девизна сметка или девизен штеден влог трајно да ги орочат кај овластена банка во вид на подарок — легат за хумани и општи општествени корисни намени. Каматите во девизи на така орочените девизи можат да се користат за потребите и намените утврдени со правилата на легатот, согласно со Законот за девизното работење и кредитните односи со странство.

4. Граѓаните и граѓанските правни лица можат динарите што потекнуваат од продажба на девизи од нивната девизна сметка или од нивниот девизен штеден влог да ги користат, врз основа на потврда за продажба на девизи, за купување на одделни производи од домашно производство (во натамошниот текст: производите) утврдени со оваа одлука.

Продажбата на девизи што граѓаните и граѓанските правни лица ќе ја извршат во смисла на став 1 од оваа точка е конечна.

Како производи од став 1 на оваа точка се подразбираат производи од домашно производство, и тоа:

1) производите од став 1 на тарифниот број 1 од Тарифата на основниот данок на промет, која претставува составен дел од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот, што служат за крајна потрошувачка;

2) патничките автомобили од точ. 1 и 2 став 1 на тарифниот број 6 од Тарифата на основниот данок на промет;

3) машините за миење садови од точка 1 став 1 на тарифниот број 10 од Тарифата на основниот данок на промет;

4) производите од точ. 1 до 16 и од точка 20 на тарифниот број 11 од Тарифата на основниот данок на промет;

5) производите од тарифниот број 12 на Тарифата на основниот данок на промет;

6) производите од точка 1 на Тарифниот број 9 од Тарифата на основниот данок на промет (сите видови производи изработени со повеќе од 2% злато и други благородни метали, вклучувајќи ги и производите од сребро чија продажна цена, без данок, не ја преминува вредноста од 5.000 динари по парче).

5. Граѓаните и граѓанските правни лица од точка 4 став 1 на оваа одлука можат да вршат уплата на производите од став 2 на таа точка и за потребите на членовите на своето семејство (брачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите) под условите од точка 5 на оваа одлука.

6. На продажбата на производите од точка 4 на оваа одлука не се плаќа основен данок на промет на производи ако прометот на тие производи е извршен под условите и на начинот пропишани со оваа одлука.

Организациите на здружен труд што продаваат производи од точка 4 на оваа одлука се должни за продадените производи да водат посебни евиденции, согласно со чл. 12 и 23 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот, со тоа што за

износот на засметаниот а ненаплатен основен данок на промет да ја намалат продажната цена.

7. Организациите на здружен труд — производители на производите од точка 4 на оваа одлука можат, во условите под кои на граѓаните и граѓанските правни лица им продаваат производи од оваа одлука, да одобрат пократки рокови на испорака и други погодности што тие организации можат да ги обезбедат во своето работење.

8. Производите од точка 4 на оваа одлука можат, под условите и на начинот утврден со оваа одлука, да ги купуваат и југословенски граѓани на привремена работа во странство:

1) со динари што потекнуваат од продажба на ефективни странски пари, банкарски чекови и кредитни писма што гласат на конвертибилни девизи, на овластен менувач;

2) преку меѓународна парична картица што ја издава странски издавач (емитент) во продажни места што склучиле договори за овој начин на продажба;

3) со еврочек кој гласи на динари издадени од странска банка;

4) со дознака од својата девизна сметка кај странска банка.

Ако југословенските граѓани на привремена работа во странство купуваат производи од точка 4 на оваа одлука на начинот утврден во одредбата под 1) став 1 од оваа точка, овластениот менувач им издава потврда за износот на динарите што потекнуваат од продажба на ефективни странски пари, банкарски чекови и кредитни писма што гласат на конвертибилни девизи, на пропишаниот образец.

Фактурната вредност на продадените производи намалена за износот на основниот данок на промет мора да биде иста како износот на динарите назначен во потврдата од став 2 на оваа точка.

9. Корисниците на дознаките што се исплатени преку меѓународни поштенски или банкарски испратници во динари можат во рок од 10 дена од денот на приемот на динарската противвредност примените динари да ѝ ги предадат на овластена банка или на поштенската штедилница која, на девизна сметка или на девизен штеден влог ќе им го положи девизниот износ на кој гласи испратницата.

10. Упатство за спроведување на одредбите од точ. 4 до 8 на оваа одлука дава сојузниот секретар за финансии во спогодба со сојузниот секретар за пазар и општи стопански работи.

11. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за користење на девизите што граѓани и граѓански правни лица ги држат на девизна сметка или на девизен штеден влог и за условите и начинот на продажба на одделни производи од домашно производство за динари што потекнуваат од продажба на девизи и за ослободување од плаќање основен данок на промет на тие производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/81).

12. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 312
22 јули 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,

Звоне Драган, с. р.

576.

Врз основа на член 8 став 3 од Договорот за определување на земјоделските производи како производи од посебен општествен интерес за кои ќе се утврдуваат производителски продажни цени и заштитни цени во 1981 и 1982 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/81), во врска со член 64 став 1 од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80 и 38/80), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛСКИТЕ ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА ДОБИТОК ЗА 1982 ГОДИНА

1. Одлуката за утврдување на производителските продажни цени за добиток за 1982 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 53/81) престанува да важи.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 313
22 јули 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,

Звоне Драган, с. р.

577.

Врз основа на член 49 од Законот за економските и други односи во производството и прометот на вооружување и воена опрема („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/79), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ И НАПЛАТУВАЊЕ ПО РАБОТИТЕ НА НАДВОРЕШНОТРГОВСКИОТ ПРОМЕТ НА МАТЕРИЈАЛНОТО ПРАВО НА ТЕХНОЛОГИЈА И ЗНАЕЊЕ И ИСКУСТВА ВО ОБЛАСТА НА ВООРУЖУВАЊЕТО И ВОЕНАТА ОПРЕМА

1. Плаќањата по работите на увозот на материјално право на технологија (патенти, лиценци и др.) и на надворешнотрговскиот промет на знаење и искуства (know-how) во областа на вооружувањето и воената опрема, домашните лица ги вршат со средствата од член 122 на Законот за девизното работење и кредитните односи со странство.

Под домашни лица, во смисла на оваа одлука, се подразбираат Сојузниот секретаријат за народна одбрана, односно по неговото овластување, Сојузната дирекција за промет и резерви на производи со посебна намена и организација на здружен труд што од Сојузниот секретаријат за народна одбрана добила одобрение за вршење на прометот од став 1 на оваа точка.

2. Домашните лица се должни материјалното право на технологија, односно знаење и искуства, да го увезат во рок од 60 дена од денот кога Народната банка на Југославија — Военио сервис го извршила налогот за плаќање.

Како ден на увоз, во смисла на став 1 од оваа точка се смета денот кога во согласност со одредбите од договорот, е потпишан документ за конечно прибавување на материјалното право на технологија и знаење и искуства.

3. Наплатувањето по работите на извоз на предметите од точка 1 на оваа одлука домашните лица

се должни да го извршат и девизите да ги внесат во Југославија во рок од 60 дена од денот кога е извршен извозот.

Како ден на извоз, во смисла на став 1 од оваа точка, се смета денот кога, во согласност со одредбите од договорот, е потпишан документ за конечно отстапување на материјалното право на технологија и знаење и искуства.

4. Народната банка на Југославија — Воениот сервис ќе го продолжи рокот од точ. 2 и 3 на оваа одлука на барање од Сојузниот секретаријат за народна одбрана.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 311
22 јули 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Милка Планинц, с. р.

578.

Врз основа на член 46 став 1 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79, 52/79 и 12/82), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА СТОКИТЕ НА КОИ СЕ ПРИМЕНУВА ЕДИНСТВЕНА ЦАРИНСКА СТАПКА

1. На стоките наменети за користење во сопственото домаќинство, што југословенски и странски државјани настанети во Југославија ги носат со себе при доаѓањето од странство, или ги примаат од странство, освен стоките на кои се применуваат царински повластици од чл. 28, 29 и 30 на Царинскиот закон, и стоките за кои во Царинската тарифа е предвидена царинска стапка „Слободно", а чија вкупна вредност не го преминува износот од 30.000 динари, се применува единствена царинска стапка од 15%.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 310
22 јули 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Звоне Драган с. р.

579.

Врз основа на член 185 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78 и 21/82), а заради извршување на одредбите од чл. 22 до 25 на Законот за условите и начинот на располагање и користење на остварените конвертибилни девизи во плаќањата спрема странство и за задолжувањето во странство во 1982 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/82), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ОБВРСКАТА И РОКОВИТЕ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕТО ВО СТРАНСТВО

1. Банките овластени за работи со странство (во натамошниот текст: овластените банки) се должни до народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина да доставуваат збирни податоци за крајните корисници на кредитите земени во странство за чија сметка овластената банка зела кредит или била гарант по кредитот, а чиешто седиште се наоѓа на подрачјето на народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина.

За кредитите што во странство ги склучиле организациите на здружен труд, без гаранција од овластената банка, збирните податоци ќе ги достави овластената банка преку која се врши платниот промет по тие кредити.

Збирните податоци од ст. 1 и 2 на оваа точка овластените банки ги доставуваат полугодишно со состојба на 30 јуни и 31 декември, најдоцна во рок од 15 дена од денот на истекот на извештајниот период.

Обврската за доставување на податоците од ст. 1 и 2 на оваа точка не се однесува за краткорочните банкарски кредитни линии и депозити во странство.

2. Збирните податоци од точка 1 на оваа одлука се засноваат врз податоците од книговодството и договорот за кредитот склучен со странскиот кредитор.

Копиите на збирните податоци доставени до народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини, овластените банки истовремено ги доставуваат и до Народната банка на Југославија.

3. Збирните податоци од точка 1 на оваа одлука ги содржат следните елементи:

1) состојба на долгот на 31 декември 1981 година;

2) состојба на неискористениот дел од кредитот на 31 декември 1981 година;

3) план за отплата на главницата за состојбата на долгот на 31 декември 1981 година за 1982 и 1983 година по месеци, а за 1984, 1985, 1986, и 1987 година по тримесечја и за другите години во една цифра;

4) план за отплата за состојбата на неискористениот дел од кредитот по елементи, како и за состојбата на долгот;

5) план за отплата на каматата со фиксни каматни стапки, посебно со променливите каматни стапки со примена на ЛИБОР на 31 декември 1981 година, по елементи, како и за главницата.

4. Збирните податоци од точка 1 на оваа одлука се доставуваат на обрасците за следење на состојбата на задолжувањето и плановите за отплата, што се отпечатени кон оваа одлука и претставуваат нејзин составен дел.

5. Соединетите збирни податоци народните банки на републиките, односно народните банки на автономните покраини ги доставуваат до Народната банка на Југославија полугодишно со состојба на 30 јуни и 31 декември 1982 година, најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на збирните податоци од овластените банки.

6. Народната банка на Југославија изработува збирен преглед за Социјалистичка Федеративна Република Југославија, врз основа на податоците добиени од народните банки на републиките односно народните банки на автономните покраини, вклучувајќи ги и податоците за странското задолжување за федерацијата и за Народната банка на Југославија.

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 309
22 јули 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Милка Планинц, с. р.

Стр. 1

НАГОДНА БАНКА _____
(република, односно автономна покраина)

ПРЕГЛЕД

НА ПЛАНОТ ЗА ОТПЛАТИ НА ГЛАВНИЦАТА НА СТРАНСКИТЕ ЗАЕМИ И КРЕДИТИ НА ЈУГОСЛАВИЈА НА 31 XII 1981 ГОДИНА
— по земји —

— во илјади САД долари —

Опис	31 XII 1981		План за отплати на главницата													
			1982													
	Состојба на долгот	Неискористено	Вкупно 1982	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16
А. КОНВЕРТИБИЛНО															
а) **Меѓународни финансиски организации:**															
MMF	000	000													
IBRD	000	000													
IFC	000	000													
EUROFIMA	000	000													
BIS	000	000													
Европска инвестициона банка	000	000													
Вкупно	000	000													
б) **Развиени земји:**															
Австрија	000	000													
Белгија	000	000													
Данска	000	000													
Франција со Монако	000	000													

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16
Холандија	000	000													
Италија	000	000													
Јапонија	000	000													
Норвешка	000	000													
САД	000	000													
Сојузна Република Германија	000	000													
Швајцарија	000	000													
Велика Британија	000	000													
Шпанија	000	000													
Шведска	000	000													
Канада	000	000													
Финска	000	000													
Ирска	000	000													
Австралија	000	000													
Вкупно	000	000													

в) Земји во развој:

Ирак	000	000													
Панама	000	000													
Малезија	000	000													
Гана	000	000													
Индија	000	000													
Вкупно	000	000													

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16
г) Арапски земји:															
Иран	000	000													
Сирија	000	000													
Емирати	000	000													
Кувајт	000	000													
Либан	000	000													
Либија	000	000													
Вкупно	000	000													
д) Источноевропски земји:															
Полска	000	000													
Унгарија	000	000													
Романија	000	000													
Бугарија	000	000													
ЧССР	000	000													
Демократска Република Германија	000	000													
Вкупно	000	000													
А. ВКУПНО КОНВЕРТИБИЛНО	000	000													
Б. КЛИРИНГ															
ѓ) Источноевропски земји:															
СССР	000	000													
ЧССР	000	000													
Демократска Република Германија	000	000													
Вкупно	000	000													

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16
Индија	000	000													
Б. ВКУПНО КЛИРИНГ	000	000													
ВКУПНО А + Б	000	000													

Стр. 2

Опис	План за отплати на главницата													
		1983												
	Вкупно 1983	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII	
(како на страна 1)														

Стр. 3

Опис	План за отплати на главницата								
		1984				1985			
	Вкупно 1984	I кв.	II кв.	III кв.	IV кв.	Вкупно 1985	I кв.	II кв.	III кв.	IV кв.
(како на страна 1)										

Стр. 4

Опис	План за отплати на главницата									
		1986				1987				1988 и во другите години
	Вкупно 1986	I кв.	II кв.	III кв.	IV кв.	Вкупно 1987	I кв.	II кв.	III кв.	IV кв.	
(како на страна 1)											

Стр. 1

НАРОДНА БАНКА _____
(република, односно автономна покраина)

ПРЕГЛЕД
НА ПЛАНОТ ЗА ОТПЛАТИ НА КАМАТАТА НА СТРАНСКИТЕ ЗАЕМИ И КРЕДИТИ НА ЈУГОСЛАВИЈА НА 31 XII 1981 ГОДИНА
— по земји —

— во илјади САД долари —

Опис	Вкупно 1982 и во другите години Каматa на		План за отплати на каматата 1982												
	состојба на долгот	неиско-ристено	Вкупно 1982	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16
А. КОНВЕРТИБИЛНО															
а) **Меѓународни финансиски организации:**															
MMF	000	000													
IBRD	000	000													
IFC	000	000													
EUROFIMA	000	000													
BIS	000	000													
Европска инвестициона банка	000	000													
Вкупно	000	000													
б) **Развиени земји:**															
Австрија	000	000													
Белгија	000	000													
Данска	000	000													
Франција со Монако	000	000													
Холандија	000	000													

1		2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16
Италија		000	000													
Јапонија		000	000													
Норвешка		000	000													
САД		000	000													
Сојузна Република Германија		000	000													
Швајцарија		000	000													
Велика Британија		000	000													
Шпанија		000	000													
Шведска		000	000													
Канада		000	000													
Финска		000	000													
Ирска		000	000													
Австралија		000	000													
	Вкупно	000	000													
в) Земји во развој:																
Ирак		000	000													
Панама		000	000													
Малезија		000	000													
Гана		000	000													
Индија		000	000													
	Вкупно	000	000													

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16
г) Арапски земји:															
Иран	000	000													
Сирија	000	000													
Емирати	000	000													
Кувајт	000	000													
Либан	000	000													
Либија	000	000													
Вкупно	000	000													
д) Источноевропски земји:															
Полска	000	000													
Унгарија	000	000													
Романија	000	000													
Бугарија	000	000													
ЧССР	000	000													
Демократска Република Германија	000	000													
Вкупно	000	000													
А. ВКУПНО КОНВЕРТИБИЛНО	000	000													
Б. КЛИРИНГ															
ѓ) Источноевропски земји:															
СССР	000	000													
ЧССР	000	000													
Демократска Република Германија	000	000													
Вкупно	000	000													

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16
Индија	000	000													
Б. ВКУПНО КЛИРИНГ	000	000													
ВКУПНО А + Б	000	000													

Стр. 2

Опис	План за отплати на каматата												
		1983											
	Вкупно 1983	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII
(како на страна 1)													

Стр. 3

Опис	План за отплати на каматата								
		1984				1985			
	Вкупно 1984	I кв.	II кв.	III кв.	IV кв.	Вкупно 1985	I кв.	II кв.	III кв.	IV кв.
(како на страна 1)										

Стр. 4

Опис	План за отплати на каматата										1988 и во другите години
		1986					1987				
	Вкупно 1986	I кв.	II кв.	III кв.	IV кв.	Вкупно 1987	I кв.	II кв.	III кв.	IV кв.	
(како на страна 1)											

Стр. 1

НАРОДНА БАНКА _____
(република, односно автономна покраина)

ПРЕГЛЕД
НА ПЛАНОТ ЗА ОТПЛАТИ НА ГЛАВНИЦАТА НА СТРАНСКИТЕ ЗАЕМИ И КРЕДИТИ НА ЈУГОСЛАВИЈА НА 31 XII 1981 ГОДИНА
— по намени —

— во илјади САД долари —

Опис		31 XII 1981		План за отплати на главницата 1982												
		Состојба на долгот	Неискористено	Вкупно 1982	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII
1		2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16
КОНВЕРТИБИЛНО																
— ФИНАНСИСКИ КРЕДИТИ (311; 314—321; 327—330; 334—335; 339; 322; 337; 511; 514—521; 522; 614—621; 622; 701)																
	Состојба на долгот	000														
	Неискористено		000													
— ОПРЕМА (101—102; 104, 109; 112—117; 119; 201—202; 204; 209; 211—217; 219—220; 301—302; 304; 323—326; 331; 333; 336; 338; 301—502; 504; 601—602; 604)																
	Состојба на долгот	000														
	Неискористено		000													
— IBRD КРЕДИТИ (без оглед на намената)																
	Состојба на долгот	000														
	Неискористено		000													
— РЕПРОДУКЦИЈА (105—107; 110—111; 205—207; 210; 218; 305—307; 310; 505—507; 510; 605—607; 610)																
	Состојба на долгот	000														
	Неискористено		000													
— ИЗВЕДУВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИОНИ РАБОТИ (103; 118; 203; 221; 303; 332; 503; 603)																
	Состојба на долгот	000														
	Неискористено		000													

1		2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16
— ХРАНА (108; 208; 308—309; 508—509; 608—609)																
	Состојба на долгот	000														
	Неискористено		000													
— КРЕДИТИРАЊЕ И ДРУГИ ВЛОЖУВАЊА ВО СТРАНСТВО (312—313; 512—513; 612—613)																
	Состојба на долгот	000														
	Неискористено		000													
ВКУПНО КОНВЕРТИБИЛНО																
	Состојба на долгот	000														
	Неискористено		000													
КЛИРИНГ																
(се дава по истата шема како и за конвертибилно)																
ВКУПНО КЛИРИНГ																
	Состојба на долгот	000														
	Неискористено		000													
СЕВКУПНО НЕКОНВЕРТИБИЛНО + КЛИРИНГ																
	Состојба на долгот	000														
	Неискористено		000													

Стр. 2

Опис	План за отплати на главницата												
	1983												
	Вкупно 1983	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII
(како на страна 1)													

Стр. 3

Опис	План за отплати на главницата												
	1984					1985							
	Вкупно 1984	I кв.	II кв.	III кв.	IV кв.	Вкупно 1985	I кв.	II кв.	III кв.	IV кв.			
(како на страна 1)													

Стр. 4

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16	17
Опис		План за отплати на главницата														
		1986							1987							1988 и во другите години
		Вкупно 1986	I кв.	II кв.	III кв.	IV кв.			Вкупно 1987	I кв.	II кв.	III кв.	IV кв.			
(како на страна 1)																

Стр. 1

НАРОДНА БАНКА _____
(република, односно автономна покраина)

ПРЕГЛЕД
НА ПЛАНОТ ЗА ОТПЛАТИ НА КАМАТАТА НА СТРАНСКИТЕ ЗАЕМИ И КРЕДИТИ НА ЈУГОСЛАВИЈА НА 31 XII 1981 ГОДИНА
— по земји —

— во илјади САД долари —

Опис	Каматни стапки	Вкупно 1982 и во другите години Камата на		План за отплати на каматата												
				1982												
		состојба на долгот	неискористено	Вкупно 1982	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII
КОНВЕРТИБИЛНО																
— ФИНАНСИСКИ КРЕДИТИ (311; 314—321; 327—330; 334—335; 339; 322; 337; 511; 514—521; 522; 614—621; 622; 701)	фиксни	000														
	променливи	000														
	фиксни		000													
	променливи		000													
— ОПРЕМА (101—102; 104, 109; 112—117; 119; 201—202; 204; 209; 211—217; 219—220; 301—302; 304; 323—326; 331; 333; 336; 338; 301—502; 504; 601—602; 604)	фиксни	000														
	променливи	000														
	фиксни		000													
	променливи		000													
— IBRD КРЕДИТИ (без оглед на намената)	фиксни	000														
	променливи	000														
	фиксни		000													
	променливи		000													
— РЕПРОДУКЦИЈА (105—107; 110—111; 205—207; 210; 218; 305—307; 310; 505—507; 510; 605—607; 610)	фиксни	000														
	променливи	000														
	фиксни		000													
	променливи		000													
— ИЗВЕДУВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИОНИ РАБОТИ (103; 118; 203; 221; 303; 332; 503; 603)	фиксни	000														
	променливи	000														
	фиксни		000													
	променливи		000													

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16	17
— ХРАНА (108; 208; 308—309; 508—509; 608—609)	фиксни	000														
	променливи	000														
	фиксни		000													
	променливи		000													
— КРЕДИТИРАЊЕ И ДРУГИ ВЛОЖУВАЊА ВО СТРАНСТВО (312—313; 512—513; 612—613)	фиксни	000														
	променливи	000														
	фиксни		000													
	променливи		000													
ВКУПНО КОНВЕРТИБИЛНО	фиксни	000														
	променливи	000														
	фиксни		000													
	променливи		000													
КЛИРИНГ																
(Се дава по истата шема како и за конвертибилно)																
ВКУПНО КЛИРИНГ	фиксни	000														
	променливи	000														
	фиксни		000													
	променливи		000													
СЕВКУПНО КОНВЕРТИБИЛНО + КЛИРИНГ	фиксни	000														
	променливи	000														
	фиксни		000													
	променливи		000													

Стр. 2

Опис	План за отплати на каматата												
		1983											
	Вкупно 1983	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII
(како на страна 1)													

Стр. 3

Опис	План за отплати на каматата								
		1984				1985			
	Вкупно 1984	I кв.	II кв.	III кв.	IV кв.	Вкупно 1985	I кв.	II кв.	III кв.	IV кв.
(како на страна 1)									

Стр. 4

Опис	План за отплати на каматата									1988 и во другите години
	1986					1987				
	Вкупно 1986	I кв.	II кв.	III кв.	IV кв.	Вкупно 1987	I кв.	II кв.	III кв.	IV кв.	

(како на страна 1)

Стр. 1

НАРОДНА БАНКА _____
(република, односно автономна покраина)

ПРЕГЛЕД
НА ПЛАНОТ ЗА ОТПЛАТИ НА КАМАТАТА НА СТРАНСКИТЕ ЗАЕМИ И КРЕДИТИ НА ЈУГОСЛАВИЈА НА 31 XII 1981 ГОДИНА
— по деловни банки

— во илјади САД долари —

Опис	Вкупно 1982 и во другите години Камата на		План за отплати на каматата												
			1982												
	состојба на долгот	неискористено	Вкупно 1982	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16
КОНВЕРТИБИЛНО															
Стопанска банка, Сараево	000	000													
Стопанска банка, Скопје	000	000													
Љубљанска банка, Љубљана	000	000													
Кредитна банка, Марибор	000	000													
Београдска банка, Београд	000	000													
Инвестициона банка, Београд	000	000													
Југобанка, Београд	000	000													

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16
Стопанска банка, Загреб	000	000													
Загребачка банка, Загреб	000	000													
Риечка банка, Риека	000	000													
Сплитска банка, Сплит	000	000													
Дубровачка банка, Дубровник	000	000													
Истарска банка, Пула	000	000													
Инвестициона банка, Титоград	000	000													
Војвоћанска банка, Нови Сад	000	000													
Новосадска банка, Нови Сад	000	000													
Стопанска банка, Панчево	000	000													
Косовска банка, Приштина	000	000													
ВКУПНО КОНВЕРТИБИЛНО	000	000													
КЛИРИНГ (се дава по истата шема како и за конвертибилно)															
ВКУПНО КЛИРИНГ	000	000													
СЕВКУПНО КОНВЕРТИБИЛНО + КЛИРИНГ	000	000													

Стр. 2

Опис	План за отплати на каматата												
	1983												
	Вкупно 1983	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII
(како на страна 1)													

Стр. 3

Опис	План за отплати на каматата									
	1984					1985				
	Вкупно 1984	I кв.	II кв.	III кв.	IV кв.	Вкупно 1985	I кв.	II кв.	III кв.	IV кв.
(како на страна 1)										

Стр. 4

Опис	План за отплати на каматата									
	1986					1987				
	Вкупно 1986	I кв.	II кв.	III кв.	IV кв.	Вкупно 1987	I кв.	II кв.	III кв.	IV кв.
(како на страна 1)										

Стр. 1

НАРОДНА БАНКА _____
(република, односно автономна покраина)

ПРЕГЛЕД

НА ПЛАНОТ ЗА ОТПЛАТИ НА ГЛАВНИЦАТА НА СТРАНСКИТЕ ЗАЕМИ И КРЕДИТИ НА ЈУГОСЛАВИЈА НА 31 XII 1981 ГОДИНА
— по деловни банки —

— во илјади САД долари —

Опис	31 XII 1981		План за отплати на главницата												
			1982												
	Состојба на долгот	Неискористено	Вкупно 1982	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16
КОНВЕРТИБИЛНО															
Стопанска банка, Сараево	000	000													
Стопанска банка, Скопје	000	000													

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16
Љубљанска банка, Љубљана	000	000													
Кредитна банка, Марибор	000	000													
Београдска банка, Београд	000	000													
Инвестициона банка, Београд	000	000													
Југобанка, Београд	000	000													
Стопанска банка, Загреб	000	000													
Загребачка банка, Загреб	000	000													
Риечка банка, Риека	000	000													
Сплитска банка, Сплит	000	000													
Дубровачка банка, Дубровник	000	000													
Истарска банка, Пула	000	000													
Инвестициона банка, Титоград	000	000													
Војвођанска банка, Нови Сад	000	000													
Новосадска банка, Нови Сад	000	000													
Стопанска банка, Панчево	000	000													
Косовска банка, Приштина	000	000 000													
ВКУПНО КОНВЕРТИБИЛНО	000	000													

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16
КЛИРИНГ (се дава по истата шема како и за конвертибилно)															
ВКУПНО КЛИРИНГ	000	000													
СЕВУКУПНО КОНВЕРТИБИЛНО + КЛИРИНГ	000	000													

Стр. 2

Опис	План за отплати на главницата												
		1983											
	Вкупно 1983	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII
(како на страна 1)													

Стр. 3

Опис	План за отплати на главницата								
		1984				1985			
	Вкупно 1984	I кв.	II кв.	III кв.	IV кв.	Вкупно 1985	I кв.	II кв.	III кв.	IV кв.
(како на страна 1)										

Стр. 4

Опис	План за отплати на главницата									1988 и во другите години
		1986					1987				
	Вкупно 1986	I кв.	II кв.	III кв.	IV кв.	Вкупно 1987	I кв.	II кв.	III кв.	IV кв.	
(како на страна 1)											

580.

Врз основа на точка 3 од Одлуката за составот на сојузните комитети („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/78) претседателот на Сојузниот комитет за прашања на борците и воените инвалиди донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЛИЦАТА ДЕЛЕГИРАНИ ВО СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИТЕ И ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ

1. Се утврдува дека следните лица се делегирани во Сојузниот комитет за прашања на борците и воените инвалиди од страна на органите, организациите и заедниците определени во точ. 1 и 2 на Одлуката за составот на сојузните комитети, и тоа:

1) Шемсо Хоџиќ, член на Извршниот совет на Собранието на СР Босна и Херцеговина и претседател на Републичкиот комитет за прашања на борците и воените инвалиди, како делегат на Извршниот совет на Собранието на СР Босна и Херцеговина;

2) Новица Филиповиќ, директор на Републичката управа за боречко-инвалидски прашања, како делегат на Извршниот совет на Собранието на СР Црна Гора;

3) Звонко Радош, претседател на Републичкиот комитет за боречки и инвалидски прашања на СР Хрватска, како делегат на Извршниот совет на Саборот на СР Хрватска,

4) Каменчо Ѓоргов, член на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија и претседател на Републичкиот комитет за здравство и социјална политика, како делегат на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија;

5) Стане Котник, член на Извршниот совет на Собранието на СР Словенија и претседател на Републичкиот комитет за борците и воените инвалиди на СР Словенија, како делегат на Извршниот совет на Собранието на СР Словенија;

6) Драгослав Новаковиќ, член на Извршниот совет на Собранието на СР Србија и претседател на Републичкиот комитет за боречки и инвалидски прашања на СР Србија, како делегат на Извршниот совет на Собранието на СР Србија;

7) Садрија Кабаши, директор на Покраинската управа за боречки и инвалидски прашања на САП Косово, како делегат на Извршниот совет на Собранието на САП Косово;

8) Милан Попов, член на Извршниот совет на Собранието на САП Војводина и претседател на Покраинскиот комитет за боречки и инвалидски прашања на САП Војводина, како делегат на Извршниот совет на Собранието на Војводина;

9) д-р Никола Биуковиќ полковник, начелник на Заводот за социјално осигурување на воените осигуреници, како делегат на Сојузниот секретаријат за народна одбрана;

10) Никола Томиќ, делегат на Собранието на Сојузот на заедниците на пензиското и инвалидското осигурување на Југославија, како делегат на Сојузот на заедниците на пензиското и инвалидското осигурување на Југославија;

11) д-р Јовица Јовановски, заменик на претседателот на Советот на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување и на здравството на Југославија, како делегат на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување и на здравството на Југославија.

2. Ова решение се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

01. број 606/82
13 јули 1982 година
Белград

Претседател на
Сојузниот комитет за
прашања на борците и
воените инвалиди,
Драгомир Николиќ, с. р.

581.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ГАСОВИТИ ГОРИВА И ГАСНИ АПАРАТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за гасовити горива и гасни апарати што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Гасовити горива. Основни термини, дефиниции и квалификација — JUS J.G1.001

2) Гасни апарати. Општи технички услови за испитување на гасни апарати — — — — — — — — JUS J.G3.010

3) Гасни апарати. Гасни апарати за големи кујни — — — — — — JUS J.G3.020

4) Гасни апарати. Печки, решоа, рерни, скари. Технички услови — JUS J.G3.101

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник претставуваат составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Применувањето на југословенските стандарди од член 1 на овој правилник не е задолжително.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Решението за југословенскиот стандард за гасни апарати во домаќинството („Службен лист на СФРЈ", бр. 17/72).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-10762/1
30 јуни 1982 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

582.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА РУДИ И КОНЦЕНТРАТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за руди и концентрати што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Руди и концентрати. Руди и концентрати на манган. Определување на содржината на хигроскопна влага — — — — — — — — JUS B.G8.202

2) Руди и концентрати. Руди на манган. Волуметриско определување на содржината на активен кислород изразен како манган-диоксид — — JUS B.G8.204

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник претставуваат составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на руди и концентрати од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат југословенските стандарди што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Методи на хемиски испитувања на манганови руди. Определување на хигроскопна влага — — — JUS B.G8.202

2) Методи на хемиски испитувања на манганови руди. Определување на активен кислород — — — JUS B.G8.204

донесени со Решението за југословенските стандарди од областа на методите на хемиските испитувања на мангановите руди („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/63).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-10763/1
30 јуни 1982 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

583.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА МЕБЕЛ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за мебел што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Мебел. Грешки на материјалот и квалитет на изработката — JUS D.E2.010

2) Мебел. Детски кревети со високи страници. Технички услови — JUS D.E2.101

3) Мебел. Детски високи столови. Технички услови — — — — JUS D.E2.102

4) Мебел. Мебел за лежење — кревети. Технички услови — — — JUS D.E2.103

5) Мебел. Мебел за употреба при работа и јадење — маси. Технички услови — — — — — — — — JUS D.E2.104

6) Мебел. Мебел за оставање. Технички услови — — — — — JUS D.E2.105

7) Мебел. Определување на крутоста и издржливоста на мебелот за оставање — — — — — — — JUS D.E8.214

8) Мебел. Определување на носивоста на полици и носачи на полици — — — — — — — — JUS D.E8.215

9) Мебел. Определување на издржливоста на фиоки — — — — JUS D.E8.216

10) Мебел. Определување на стабилноста на мебелот за оставање — JUS D.E8.217

11) Мебел. Определување на карактеристиките на еластичноста и трајноста на мебелот за лежање — кревети — — — — — — — — JUS D.E8.228

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник претставуваат составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на мебел што ќе се произведе, односно увезе од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат југословенските стандарди што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Мебел. Технички услови за изработка и испорака — — — — JUS D.E2.041

2) Мебел. Мебел за оставање. Определување на промената на крутоста — — — — — — — — — JUS D.E2.058

3) Мебел. Мебел за оставање. Определување на носивоста на полици и носачи на полици — — — JUS D.E2.059

4) Мебел. Мебел за оставање. Определување на трајноста на фиоки JUS D.E2.060

5) Мебел. Мебел за оставање. Определување на стабилноста — — JUS D.E2.061 донесени со Решението за југословенските стандарди од областа на испитувањето на квалитетот на мебел („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/75);

6) Мебел. Контрола на квалитетот — — — — — — — — JUS D.E2.076

7) Мебел за одлагање. Определување на крутост — — — — — JUS D.E2.077 донесени со Правилникот за југословенските стандарди за мебел („Службен лист на СФРЈ", бр. 46/77).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-10764/1
30 јуни 1982 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

584.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЕЛЕКТРОМЕДИЦИНСКИ УРЕДИ И ОПРЕМА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за електромедицински уреди и опрема што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Електромедицински уреди и опрема. Безбедност на електромедицинските уреди и опрема. Термини и дефиниции — — — — — — JUS N.S5.001

2) Електромедицински уреди и опрема. Мерење на трајни одводни струи на електромедицински уреди, односно опрема — — — — — — JUS N.S5.005

3) Електромедицински уреди и опрема. Испитување на диелектричната цврстина на електромедицински уреди, односно опрема — — JUS N.S5.006

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник претставуваат составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Освен југословенскиот стандард JUS N.S5.001 чија примена не е задолжителна, југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на електромедицински уреди и опрема што ќе се произведат, односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-10761/1
30 јуни 1982 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

585.

Врз основа на член 63 став 4 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), Сојузниот завод за стандардизација објавува

ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА СПИСОКОТ

НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ОВЛАСТЕНИ ЗА АТЕСТИРАЊЕ НА ЕЛЕКТРИЧНИ АПАРАТИ ЗА ДОМАЌИНСТВОТО

Во Списокот на организациите на здружен труд овластени за атестирање на електрични апарати за домаќинството („Службен лист на СФРЈ", бр. 3/80 и 26/81) се вршат следните измени и дополненија, и тоа:

1. Називот на Списокот на организациите на здружен труд овластени за атестирање на електрични апарати за домаќинството („Службен лист на СФРЈ", бр. 3/80 и 26/81) се менува и гласи:

„Список на организациите на здружен труд овластени за атестирање на електрични апарати за домаќинството и вршење работи на задолжително атестирање на противексплозивно заштитени електрични уреди што се наменети за употреба во простори загрозени од експлозивни смеси".

2. Во точка 5, на крајот точката се заменува со точка и запирка и потоа се додава нова точка 6, која гласи:

„6) Основна организација на здружен труд за испитување на квалитетот „КВАЛИТЕТ" со ограничена супсидијарна одговорност, во составот на ЕИ Работна организација „Електроника", за широка потрошувачка „ЕИ — ТВ Електроника", со неограничена солидарна одговорност, Ниш, Булевар Вељка Влаховиќа 80—82 — за сите производи од Наредбата за задолжително атестирање на електрични апарати за домаќинството, освен на електрични кебиња и перници во поглед на нивната трајност;".

3. По став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„За вршење на работи на задолжително атестирање (хомологација) на противексплозивно заштитени електрични уреди што се наменети за употреба во простори загрозени од експлозивни смеси, во смисла на Наредбата за задолжително атестирање (хомологација) на противексплозивно заштитени електрични уреди што се наменати за употреба во простории загрозени од експлозивни смеси („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/81), овластена е следната организација на здружен труд, и тоа:

1) Основна организација на здружен труд Електротехнички институт со неограничена солидарна одговорност, во составот на Работна организација „РАДЕ КОНЧАР" — Развој производа и производење", со неограничена супсидијарна одговорност, Загреб, Баштијанова бб — за испитување на против-

експлозивно заштитени електрични уреди кои се наменети за употреба во простори загрозени од експлозивни смеси."

Бр. 50/32-5824/2-82
16 јуни 1982 година
Белград

Директор на
Сојузниот завод за
стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

586.

Врз основа на чл. 24 и 66 став 1 точка 16 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76 и 41/81), во согласност со точка 3 од Одлуката за целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1982 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/81), Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ОБЕМОТ И НА ДИНАМИКАТА НА ПОРАСТОТ НА ПЛАСМАНИТЕ НА БАНКИТЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈУЛИ ДО 30 СЕПТЕМВРИ 1982 ГОДИНА

1. Во Одлуката за усогласување на обемот и на динамиката на порастот на пласманите на банките во периодот од 1 јули до 30 септември 1982 година („Службен лист на СФРЈ", бр 37/82) во точка 1 ставот 3 се брише.

2. Во точка 4 ставот 2 се брише.

Во досегашните ст. 3 и 4, кои стануваат ст. 2 и 3, зборовите: „ст. 1 и 2" се заменуваат со зборовите: „став 1".

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 36
23 јули 1982 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија
Радован Макиќ, с. р.

587.

Врз основа на член 8 став 2 од Договорот за определување на земјоделските производи како производи од посебен општествен интерес за кои ќе се утврдуваат производителски продажни цени и заштитни цени во 1981 и 1982 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/81), во врска со член 83 точка 3 од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80 и 38/80), Сојузната заедница за работи на цените донесува

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛСКИТЕ ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА ДОБИТОК ЗА 1982 ГОДИНА

1. Се утврдуваат производителските продажни цени за добиток, и тоа за:

	Дин/kg Жива мера	Дин/kg Топла полутина
А. Свињи		
Месести свињи и нивни меѓусебни мелези врз база на 26% месо на 100 kg жива мера или 33% месо на 100 kg топли полутини,	57,20	72,60

За жива мера на свињи што содржат преку 26% месо, цената за секој процент на месо се зголемува за 220 динари за килограм

За топли полутини од месести свињи, за секој процент на месо преку 33% цената се зголемува за 2,42 динари за килограм.

Производителските продажни цени од ст. 1, 2 и 3 не се однесуваат на свињи што содржат под 26% месо на 100 kg жива мера, или што содржат под 33% месо на 100 kg топли полутини.

Процентот на месо се утврдува на линијата на колењето, во однос на класичната тежина според југословенскиот стандард — Месести свињи за индустриска преработка — JUS E.C1.021 под 3 и 5, односно врз основа на дебелината на слојот на сланина, заедно со кожата, измерено на линијата на колењето, и тоа: на половината на местото каде што мускулот најмногу влегува во сланината и на средината на грбот меѓу тринаесеттото и четиринаесеттото ребро. Врз основа на таа вредност на дебелината на сланината се утврдува процентот на месо според табела 2 од тој стандард.

	Дин/kg жива мера
Б. Говеда	
1) Згоени телиња од благородни раси и нивни меѓусебни мелези, до 6 месеци старост:	
а) Iа класа, тешки најмалку 150 kg, со рандман 62%	86,65
б) I класа, тешки најмалку 150 kg, со рандман 62%	82,14
2) Згоени јуниња од благородни раси и нивни меѓусебни мелези, преку 6 до 12 месеци старост и со млечни заби:	
а) Iа класа, тешки најмалку 350 kg за машки и 320 kg за женски грла, со рандман 58%	76,15

За секој процент на месо под или преку рандманот од 58% цената се намалува односно се зголемува за 1,313 динари за килограм;

б) I класа, тешки најмалку 350 kg за машки и 320 kg за женски грла, со рандман 56%,	74,00

	Дин/kg жива мера
За секој процент на месо под или преку рандманот од 56% цената се намалува односно се зголемува за 1,321 динари за килограм;	
3) Згоени јуниња од благородни раси и нивни меѓусебни мелези преку 12 до 18 месеци старост, без постојани заби:	
а) Iа класа, тешки најмалку 450 kg за машки и 400 kg за женски грла, со рандман 58%	76,15
За секој процент на месо под или преку рандманот од 58% цената се намалува односно се зголемува за 1,313 динари за килограм;	
б) I класа, тешки најмалку 450 kg за машки и 400 kg за женски грла, со рандман 56%	74,00
За секој процент на месо под или преку рандманот од 56% цената се намалува односно се зголемува за 1,321 динари за килограм;	
4) Згоени постари јуниња (млади говеда) од благородни раси и нивни меѓусебни мелези, преку 18 до 36 месеци старост, со најмногу 4 постојани заба:	
а) Iа класа, тешки најмалку 500 kg за машки и 450 kg за женски грла, со рандман 58%	74,00
За секој процент на месо под или преку рандманот од 58% цената се намалува односно се зголемува за 1,276 динари за килограм;	
б) I класа, тешки најмалку 470 kg за машки и 420 kg за женски грла, со рандман 56%	70,30
За секој процент на месо под или преку рандманот од 56% цената се намалува односно се зголемува за 1,255 динари за килограм;	
5) Згоени телиња — мелези од раса буша или од други домашни раси (истарска, колубарска, посавска, подолска и гатачка) со благородни раси, до 6 месеци старост:	
а) I класа, тешки најмалку 90 kg, со рандман 56%	71,78
б) II класа, тешки најмалку 90 kg, со рандман 54%	68,08
6) Згоени млади јуниња — мелези од раса буша или други домашни раси (истарска, колубарска, посавска, подолска и гатачка) со благородни раси, преку 6 до 18 месеци старост, со млечни заби:	
а) I класа, тешки најмалку 350 kg за машки и 300 kg за женски грла, со рандман 54%	68,08
За секој процент на месо под или преку рандманот од 54% цената се намалува односно се зголемува за 1,260 динари за килограм;	
б) II класа, тешки најмалку 300 kg за машки и 260 kg за женски грла, со рандман 52%	63,64
За секој процент на месо под или преку рандманот од 52% цената се намалува односно се зголемува за 1,224 динари за килограм;	
7) Згоени постари јуниња, млади говеда — мелези од раса буша или од други домашни раси (истарска, колубарска, посавска, подолска и гатачка) со благородни раси, преку 18 до 26 месеци старост, со најмногу 4 постојани заба:	
а) I класа, тешки најмалку 400 kg за машки и 360 kg за женски грла, со рандман 54%	65,86
За секој процент на месо под или преку рандманот од 54% цената се намалува односно се зголемува за 1,220 динари за килограм;	
б) II класа, тешки најмалку 350 kg за машки и 300 kg за женски грла, со рандман 50%	61,35
8) Згоени телиња до 6 месеци старост, од раса буша:	
а) I класа, тешки најмалку 60 kg, со рандман 54%	68,78
б) II класа, тешки најмалку 60 kg, со рандман 52%	65,12
9) Згоени јуниња преку 6 до 16 месеци старост, од раса буша, со млечни заби:	
а) I класа, тешки најмалку 200 kg за машки и 180 kg за женски грла, со рандман 52%	62,90
За секој процент на месо под или преку рандманот од 52% цената се намалува односно се зголемува за 1,210 динари за килограм;	
б) II класа, тешки најмалку 200 kg за машки и 180 kg за женски грла, со рандман 48%	57,65
За секој процент на месо под или преку рандманот од 48% цената се намалува односно се зголемува за 1,201 динар за килограм;	
10) Згоени постари јуниња — млади говеда, од раса буша, преку 18 до 36 месеци старост, со најмногу 4 постојани заба:	
а) I класа, тешки најмалку 270 kg за машки и 220 kg за женски грла, со рандман 52%	58,46
За секој процент на месо под или преку рандманот од 52% цената се намалува односно се зголемува за 1,124 динар за килограм;	
б) II класа, тешки најмалку 250 kg за машки и 200 kg за женски грла, со рандман 48%	54,76
За секој процент на месо под или преку рандманот од 48% цената се намалува односно се зголемува за 1,141 динар за килограм;	
11) Други категории говеда, постари од три години:	
а) I класа, тешки најмалку 360 kg, со рандман 50%	55,50

	Дин/kg жива мера
За секој процент на месо под или преку рандманот од 50% цената се намалува односно се зголемува за 1,110 динари за килограм;	
б) II класа, тешки најмалку 320 kg, со рандман 48%	50,91
За секој процент на месо под или преку рандманот од 48% цената се намалува односно се зголемува за 1,061 динар за килограм;	
в) III класа, тешки, најмалку 230 kg, со рандман 44%	46,84
За секој процент на месо под или преку рандманот од 44% цената се намалува односно се зголемува за 1,065 динари за килограм.	

В. Овци

1) Згоени јагњиња, од 5 до 12 месеци старост, што не измениле ниту еден млечен заб:	
а) I класа, тешки најмалку 20 kg, со рандман најмалку 54%	85,36
б) II класа, тешки најмалку 20 kg, со рандман најмалку 50%	80,75
2) Згоени сугарињa, преку 1 до 2 години старост, што имаат најмногу 2 постојани заба:	
а) I класа, тешки најмалку 25 kg, со рандман најмалку 52%	76,37
б) II класа, тешки најмалку 25 kg, со рандман најмалку 48%	70,84
3) Згоени овци и овни, преку две години старост:	
а) I класа, до 5 години старост, со најмалку 6 постојани заби, тешки најмалку 30 kg, со рандман најмалку 50%	62,60
б) II класа, до 5 години старост, со најмалку 6 постојани заби, тешки најмалку 30 kg, со рандман најмалку 46%	59,47.

Цените од став 1 на оваа точка ќе служат како основа за самоуправно спогодување и општествено договарање во рамките на репродукционите целини, односно за договарање во откупот и прометот на тие производи, како и за формирање на цените за производи добиени со преработка на добиток.

2. Цените од точка 1 на оваа одлука важат за еден килограм добиток жива мера или за еден килограм топла полутина, франко натоварено во вагон или камион — по избор на купувачот, во местото на продавачот. Тежината се утврдува по истекот на 12 часа од последното хранење или најдоцна два часа по колењето, а ако тежината се утврдува пред истекот на 12 часа од последното хранење, од утврдената тежина на говеда и овци се одбива до 5%, а од утврдената тежина на свињи — до 2%.

Цените од точка 1 на оваа одлука се однесуваат на квалитетот на добитокот пропишан со:

1) југословенскиот стандард — Месести свињи за индустриска преработка JUS E.C1.021

2) прописите за квалитетот на говедата и овците за колење, и тоа PK-E2 (II изменето и дополнето издание) и JUS E.C1.022.

Цените од точка 1 на оваа одлука не се применуваат на грла кај кои постојат скриени недостатоци што ќе се утврдат на линијата на колењето.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3056
6 јули 1982 година
Белград

Сојузна заедница за работи на цените

Претседател
на Советот на Сојузната заедница
за работи на цените,
Раде Тодовиќ, с. р.

УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

ОДЛУКА

ЗА ОЦЕНА НА ЗАКОНИТОСТА НА ЧЛЕН 126 СТАВ 2 ОД СТАТУТОТ НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ НА ХРВАТСКА

1. Крунослав Новак, од Загреб, даде иницијатива за поведување постапка за оценување на законитоста на член 126 став 2 од Статутот на Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на работниците на Хрватска („Народне новине СР Хрватске", бр. 1/79). Во иницијатива се наведува дека со оспорената одредба се пропишува обврска за плаќање на придонес за продолжено пензиско и инвалидско осигурување за осигурениците вработени во странство во странска валута, што е спротивно на Законот за девизното работење и кредитните односи со странство.

2. Во оспорената одредба е пропишано дека придонесот за продолжено осигурување во случаите од член 122 став 2 точ. 3 и 4 на Статутот, се плаќа во странска валута.

3. Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на работниците на Хрватска смета дека оспорената одредба не е во спротивност со законот и дека во конкретниот случај, не постои правен основ за воспоставување на продолжено осигурување.

4. Со Уставот на СФРЈ, во член 259 е утврдено дека паричниот систем е единствен и дека секој кој располага со општествени средства врши плаќање и други работи на платен промет на начин определен со сојузен закон. Согласно со тоа, со Законот за паричниот систем („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/76), во член 10 е пропишано дека во платниот промет помеѓу домашни лица сите работи што гласат на пари, се изразуваат во динари и се извршуваат во средства за плаќање кои гласат на динари, со исклучоците утврдени со сојузен закон. Со Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77), во член 77, е пропишана забрана на плаќање и наплатување во девизи помеѓу домашни лица и помеѓу граѓани и странски лица на територијата на СФРЈ. Плаќањето на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување не потекнува од работење или од други односи од странство, туку од односите на домашните лица, бидејќи според член 16 од овој закон, и граѓаните на работа во странство, чие живеалиште е во СФРЈ, се сметаат за домашни лица, па во тие случаи со член 77 од овој закон е забрането плаќање и наплатување во девизи помеѓу домашни лица.

Бидејќи со сојузен закон е забрането плаќање во девизи, а со оспорената одредба се утврдува обврска за плаќање во девизи, истата е во спротивност со наведениот сојузен закон.

Уставниот суд на Југославија, врз основа на член 375 од Уставот на СФРЈ не е надлежен да ја оценува уставноста и законитоста на одделни акти па, според тоа, ниту на актот со кој се утврдува дали некое лице ги исполнило пропишаните услови за продолжено пензиско и инвалидско осигурување.

Уставниот суд на Југославија, врз основа на чл. 375 и 385 од Уставот на СФРЈ и чл. 29 и 32 од Деловникот на Уставниот суд на Југославија, на седницата одржана на 23 јуни 1982 година, донесе

Одлука

1. Се укинува член 126 став 2 од Статутот на Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на работниците на Хрватска.

2. Одлуката да се објави во „Службен лист на СФРЈ" и „Народне новине СР Хрватске".

3. Оваа одлука Уставниот суд на Југославија ја донесе во состав: претседател на Судот д-р Александар Фира, и судиите: Рамадан Враниќи, Владимир Кривиц, Славко Кухар, Јаким Спировски, д-р Васил Гривчев, Иван Франко, Душан Штрбац, д-р Стана Ѓукиќ-Делевиќ, Мустафа Сефо, Воислав Ракиќ, Мијушко Шибалиќ и д-р Јосиф Трајковиќ.

У бр. 40/82
23 јуни 1982 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на Југославија,
д-р **Александар Фира**, с. р.

УКАЗИ

Врз основа на член 315 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО СИЕРА ЛЕОНЕ И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО СИЕРА ЛЕОНЕ

I

Се отповикува

Божидар Будимириќ од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Сиера Леоне со седиште во Конакри.

II

Се назначува

Ференц Деак, извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Народна Револуционерна Република Гвинеја, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Сиера Леоне, со седиште во Конакри.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У бр. 17
23 јуни 1982 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Петар Стамболиќ, с. р.

Врз основа на член 315 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ФИНСКА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ФИНСКА

I

Се отповикува

Осман Ѓикиќ од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Финска.

II

Се назначува

Младен Божиќ, специјален советник во Сојузниот секретаријат за надворешни работи, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Финска.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У бр. 18
28 јуни 1982 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Петар Стамболиќ, с. р.

Врз основа на член 315 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР — ШЕФ НА ПОСТОЈАНАТА МИСИЈА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ПРИ ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ И ДРУГИ МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР — ШЕФ НА ПОСТОЈАНАТА МИСИЈА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ПРИ ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ И ДРУГИ МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ЖЕНЕВА

I

Се отповикува

д-р Марко Врхунец од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор — шеф на Постојаната мисија на Социјалистичка Федеративна Република Југославија при Обединетите нации и други меѓународни организации во Женева.

II

Се назначува

Казимир Видас, помошник на сојузниот секретар за надворешни работи, за извонреден и ополномоштен амбасадор — шеф на Постојаната мисија на Социјалистичка Федеративна Република Југославија при Обединетите нации и други меѓународни организации во Женева.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У бр. 19
29 јуни 1982 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
Петар Стамболиќ, с. р.

Врз основа на член 315 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ВЕНЕЦУЕЛА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ВЕНЕЦУЕЛА

I

Се отповикува

д-р Марко Шуњиќ од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Венецуела.

II

Се назначува

Анте Илиќ, началник на управа во Сојузниот секретаријат за надворешни работи, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Венецуела.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У бр. 20
30 јуни 1982 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Петар Стамболиќ, с. р.

НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78 и 21/82), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ПОМОШНИК НА СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАР ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

Од должноста помошник на сојузниот секретар аз надворешни работи се разрешува Милош Меловски, заради заминување на друга должност.

С. п. п. бр. 902
8 јули 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Звоне Драган, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78 и 21/82), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Од должноста потсекретар во Сојузниот комитет за земјоделство се разрешува Томе Кузмановски,

со 30 јуни 1982 година, заради заминување на друга должност.

С. п. п. бр. 903
8 јули 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Звоне Драган, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78 и 21/82), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

За помошник на претседателот на Сојузниот комитет за земјоделство се назначува д-р Франчек Пајенк, раководител и координатор на производството и преработката на суровини во земјите во развој на ООЗТ „Емона", Инженеринг во Љубљана.

С. п. п. бр. 904
8 јули 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Звоне Драган, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78 и 21/82), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

За помошник на сојузниот секретар за внатрешни работи се назначува Сава Николиќ, финансиски директор на Работната организација „Интерсервис" во Нови Сад.

С. п. п. бр. 905
8 јули 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Звоне Драган, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78 и 21/82), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАР ЗА ПАЗАР И ОПШТИ СТОПАНСКИ РАБОТИ

За помошник на сојузниот секретар за пазар и општи стопански работи се назначува Невенка Печар, досегашен советник на потпретседателот на Сојузниот извршен совет.

С. п. п. бр. 906
8 јули 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Звоне Драган, с. р.

Врз основа на член 236 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78 и 21/82), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНИОТ ГЕОЛОШКИ ЗАВОД

За директор на Сојузниот геолошки завод се назначува Милутин Витиќ, секретар на покраинската Самоуправна интересна заедница за геолошки истражувања на САП Косово.

С. п. п. бр. 907
8 јули 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Звоне Драган, с. р.

Врз основа на член 236 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78 и 21/82), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНИОТ ГЕОЛОШКИ ЗАВОД

Од должноста директор на Сојузниот геолошки завод се разрешува Павле Пејовиќ, поради истекот на периодот на кој е назначен.

Именуваниот се става на располагање во смисла на член 249 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата.

С. п. п. бр. 908
8 јули 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Звоне Драган, с. р.

ОДЛИКУВАЊА

УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

Од СР Хрватска

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Фаренвалд Андрије Мирко, Лукин Шиме Божо, Максан Маријана Томислав, Живковиќ Анте Јосип;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОДРЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Бајковец Ђуре Људевит, Дујаковиќ Мије Ђуро, Гаѓеша Марка Чедомир, Михаљвеиќ Стјепана Иво, Милетиќ Стевана Петар, Мргиќ Тодора Божо, Пешиќ Делета Саво;

— за сообени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува на општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Аниќ Стеве Ђуро, Бузаџиќ Александра Боривој, Дабиќ Миле Владимир, Крптеа Јосе Фабо, Кухариќ Јосипа Роко, Савиќ Милиќа Миладин, Шолтиќ Пауле Иван;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОДРЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЗВЕЗДА

Алавања Гојка Василије, Бкаовиќ Мирка Бошко, Чалина Миле Драган, Делиќ Буде Ђуро, Гундиќ Нике Владимир, Јеловац Драгана Јован, Ковак Јере Иво, Козлица Петра Милан, Кривокуќа-Једнобрковиќ Јакова Ева, Кузмановиќ Симе Лука, Лукин Јакова Марија, Мајниќ Фрање Јосип, Макар Стјепана Јелена, Марушиќ-Креќа Михајла Маца, Павелиќ Петра Милан, Петковиќ Анте Никола, Покрајац Јове Мирко, Поповиќ Драгише Средоје, Пуач Лазе Томо, Рачиќ-Зариќ Кузмана Стојанка, Сајко Фрање Станко, Сикавица Мартина Стипе, Шкрлин Стјепана Иван;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Адамко-Бркљача Јуре Милка, Ајдуковиќ Марко, Андрија, Ажиќ Ивана Мате, Бацек Ђуре Марко, Бакса Томе Јурај, Баста Дане Симо, Бигунац Михе Никола, Билиќ Душана Мирко, Болиќ Милана Велимир, Божиќ Раде Милован, Божиќ Стеве Вељко, Божина Грге Пајо, Будимир Јуре Мијо, Цалиќ Јована Милован, Чипријановиќ Луке Фрањо, Ђурин Јурја Јосип, Чевизовиќ Петра Гојко, Чолак Мате Динко, Чудиќ-Радивој Иванке Мирјана, Чукановиќ Радомира Крстивоје, Делиќ Стевана Милан, Дмиовиќ Михајла Обрад, Драгаш Јована Миле, Дружинец Мије Славко, Дуда-Јурман Петра Љубица, Дукиќ Вида Драган, Дупор Николе Бранко, Ђукиќ Раде Лука, Ђуриќ Владе Михајло, Ференчак Томе Валент, Фришчиќ Ивана Фрањо, Гагиќ Миљка Бранко, Главиниќ Мате Мишко, Граовац Миле Васо, Грмоја Стипана Иван, Хумски Виктора Рудолф, Јадан Фрање Мијо, Јаковљевиќ Стеве Душан, Кланац Иве Јосо, Клинчвеиќ Боже Душан, Кокориќ Јаге Стјепан, Коњаја Мирко Славко, Корбар Драгутина Иван, Костешиќ Блажа Марио, Ковачевиќ Драгана Гојко, Кукиќ Рафајла Раде, Кукуљан Јосипа Станислав, Курбалија Николе Петар, Куртин Мате Вице, Лавринић Илије Ђорђе, Лукишки Томе Стјепан, Мандиќ Николе Милан, Манојловиќ Стевана Стеван, Мањеровиќ Николе Стјепан, Маријан Ђуре Душан, Маркотиќ Мирка Милан, Марковиќ Карла Иван, Матијевиќ Михајла Душан, Милошевиќ Боже Никола, Мирковиќ Стипе Павао, Младеновиќ Радомира Томислав, Наглиќ Миле Стипан, Наранџиќ Миће Светозар, Никшиќ-Орешковиќ Петра Ката, Новаковиќ Николе Јово, Опсеница Дмитра Младен, Орељ Луке Пајо, Парчина Мартина Иван, Пеиќ Николе Младен, Перков Јере Стипе, Петраковиќ Филипа Стеван, Петровиќ-Дукиќ Ђорђа Марија, Пезер Мате Иван, Пилиповиќ Гојка Милан, Пирц Мирка Стјепан, Поповиќ Петра Душан, Поповиќ Стојана Славко, Посавец Петра Петар, Поструживин Антуна Стјепан, Поздер Николе Марко, Прерадовиќ Љубана Јован;

Радојчиќ Константина Љубиша, Радош Мирка Миле, Рајковиќ Марка Марко, Ракин-Милошевиќ Раде Недељка, Ратковиќ Раде Слободан, Ритоша Ивана Алдо, Руњак-Видовиќ Томе Јосипа, Смолчиќ Петра Петар, Смолиќ Шиме Томислав, Станиќ Миле Драган, Станишак Павла Драган, Станкериќ Андрије Бранко, Станојевиќ Марка Душан, Старчевиќ Андрије Виктор, Стипан Мате Јосип, Стоја-

новић-Гакић Карла Драгица, Студен Вује Јанко, Сунајко Дмитра Јово, Сурла Дмитра Радослав, Шебаљ Антуна Томислав, Шербула Стојана Милан, Шикман Стеве Мирко, Шкорић Николе Ђуро, Шупица Мане Михајло, Швенда Јосипа Фрањо, Тишма Драгутина Петер, Томић Николе Драган, Тополић Миле Јанко, Тошић Ђуре Ђуро, Трбојевић Милана Ђуро, Устић Јове Стево, Узелац Милана Душан, Узелац Луке Милорад, Вдовић Цецилије Јосип, Влаисављевић Стојана Милан, Војновић Илије Војислав, Воларевић-Дубравица Николе Милка, Возила Јосипа Вјекослав, Вучен-Бабић Дане Милева, Вучковић Игнаца Игнац, Вујчић Милана Ђуро, Вујиновић Јосипа Владо, Вукадиновић Стеве Мирко, Вуковић Славка Никола, Вуковић Мирка Симо, Жарковић Јосипа Марко, Жуна Изидора Мирко;

за заслуги во развивањето и реализирањето на концепцијата на општонародната одбрана и за успеси во подигањето на военостручното знаење и борбената готовност на нашите граѓани

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО СРЕБРЕНИ МЕЧЕВИ

Мандић Јове Никола, Зорић Томе Ђуро;

— за залагање во социјалистичката изградба на земјата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Бабић-Буква Пере Коса, Ђурић-Мићешић Милоша Даница, Голубовић Павла Мирко, Ковачевић Милана Здравко, Ковачић Пане Јованка, Матковић-Галековић Фрање Славица, Микуландра Иве Бранко, Поповић Милорада Петар, Продановић Милана Милун, Васелчић Јозе Јозо, Видовић Илије Милан, Војновић Стеве Саво, Жупанић-Позалић Драгутина Дуња;

— за залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Бадовинац Николе Никола, Баошић-Антунац Јере Винка, Бартолић-Смешњак Ивана Мира, Бартоловић Миле Жељко, Батурина-Кашнар Николе Штефанија, Беббаба Гедеона Бранко, Беркић Ђуре Јосип, Цота-Бишкупец Мате Катица, Čizmić-Gott Leopolda Štefica, Дејановић Анте Иван, Докмановић-Јакшић Ђуре Даница, Домин Јанка Владо Цаић Јовице Аница, Цакула Ивана Недељко, Ђонлић Мехе Алија, Фурдин Игнаца Бранко, Гачић-Мирић Лазе Милица, Герек Драгутина Ђурђица, Главаш-Поточки Звонимира Анкица, Гоић-Сакс Петра Мирјана, Гравора Илије Мишо, Гргић-Хорват Јосипа Марија, Гугић Мирка Анте, Јандрас-Черенчир Људевита Розалија, Јањатовић-Живковић Симе Драгана, Јелић Дракслер Ивана Габријела, Клековић Фрање Франка, Кордић Раде Буде, Ковачевић-Радонић Пантелије Мирослава, Кулић-Мирић Манише Милица, Лалић Ђуре Саво, Ланг Ивана Иван, Линта Петра Марко, ЛончарићИје Стјепан, Лукшић Игнаца Маријан, Мајетић Јакова Томислав, Маливук Светозара Љубан, Марковић-Покрајац Дане Марија, Мартан Андрије Стјепан, Матић Стјепана Станко, Миличевић Марка Гнатија, Миљевић Ђуре Милић, Момировић Радише Момчило, Можанић-Бевк Стјепана Инга, Мужинић Фрање Бранко, Никшић Власте Стјепан, Новковић Миле Богдан, Новковић Николе Милан, Орозовић Теодосије Бошко, Овчар Стјепана Иван, Пањкота Анте Иво, Патек Виктора Јосип, Пецикозић Јована Слободан, Пећник-Малчић Драгутина Јосипа, Пекеч-Мандић Мара, Пергл Ивана Зденко, ПерушићИје Владимир, Пинтарић-ПигацИје Франчишка, Пјанић Саве Стојан, Полуга-Мирковић Томе Радмила, Поповец Ивана Смиљан, Поповић-Шајатовић Марка Јелена, Прусац Станка Миљенко, Пургар-Гуштек Вида Марија, Радаковић Ђорђа Радослав, Радиновић Тодора Дмитар, Раилић-Стјепановић Ђуре Ана, Рајковић Марјана Казмир, Рихтарце Антуна Звонимир, Рончевић Ивана Ђуро, Сачић-Жганец Јулиа Славица, Собол Ивана Иван, Старчевић Милана Петар, Стажник-Мацан Јураја Бисерка, Стегић-Велдић Ивана Марија, Шево Боже Душан, Шкорић Роке Светинка, Штерк Николе Вишња, Штетић Николе Лука, Тадић Милана Момчило, Тихоимровић Јове Милован, Трбојвић Милана Милутин, Туркаљ-Сладић Николе Катица, Воркапић Милана Никола, Вученовић Стеве Здравко, Вучетић Драгана Станко, Вукобратовић Милоша Мирослав, Вуксановић Ђоке Веселин, Замлац Мирка Милан, Зељковић Јована Милан, Зубин-Петрић Михе Марија;

— за заслуги и постигнати успеси во работата врз општонародната одбрана

СО МЕДАЛ ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ

Цвитановић Боже Иван, Јурлина Томе Крсте, Клен Драгана Звонко, Пријић Илије Илија.

Бр. 32
28 април 1982 година
Белград

Претседател на
Претседателството на СФРЈ,
Sergej Kraigher, с. р.

УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

— за особени заслуги во работата врз подготвувањето и учеството на Социјалистичка Федертивна Република Југославија на VI Конференција на шефовите на државите или владите на неврзаните земји во Хавана и на други собири на неврзаните земји во развој

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА SBЕЗДА

Коматина Милана Миљан, Лончар Ивана Будимир;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Демајо Марица Александар;

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Голоб Игнаца Игнац, Кнежевић Петра д-р Видо;

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Јазић Душана Живојин, Јоб Николе Цвијето, Којић Стевана Иван, Лах Милана Антон, Максић Божидара Миливоје, Штајнер Дезидера др Рикард, Видас Керамиса Казимир;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРНИ ЗРАЦИ

Мујезиновић Хасана Џевад, Пејић Милана Драгослав;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Гашпари Еберхарда Душан, Оцокољић-Тамбача Ладислава Лијана, Тројановић Милана Радмило;

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЗЛАТНА SBЕЗДА

Шиловић Станка Дарко, Вујовић Васе Војислав;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Бранковић Јована Бранко, Јевремовић Бранка Павле, Јовичић Радивоја Душан, Капетановић Хајра Горан, Кохут Фрање Владимир, Ковач Јована Ана, Марић Аксентија Живота, Милошевић Раде Јованка, Ницк Алфреда Станко, Поточник Франца Златко, Радаковић Саве Јован, Живановић Миодрага Ратко;

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Којић Луке Јован, Поповић Милића Гојко, Татаревић Јове Бранислав.

Бр. 37
29 април 1982 година
Белград

Претседател на
Претседателството на СФРЈ,
Sergej Kraigher, с. р.

СОДРЖИНА:

Страна

575. Одлука за користење на девизите што граѓани и граѓански правни лица ги држат на девизна сметка или на девизен штеден влог и за условите и начинот на продажба на одделни производи од домашно производство за динари што потекнуваат од продажба на девизи и за ослободување од плаќање основен данок на промет на тие производи — — — 1189
576. Одлука за престанување на важењето на Одлуката за утврдување на производителските продажни цени за добиток за 1982 година — — — — — — — — 1190
577. Одлука за условите и начинот на плаќање и наплатување по работите на надворешнотрговскиот промет на материјалното право на технологија и знаење и искуства во областа на вооружувањето и воената опрема — — — — — — — 1190
578. Одлука за утврдување на вредноста на стоките на кои се применува единствена царинска стапка — — — — — — 1191
579. Одлука за обврската и роковите за доставување на податоци за задолжувањето во странство — — — — — — — 1191
580. Решение за утврдување на лицата делегирани во Сојузниот комитет за прашања на борците и воените инвалиди — — — 1209
581. Правилник за југословенските стандарди за гасовити горива и гасни апарати — — 1209
582. Правилник за југословенските стандарди за руди и концентрати — — — — — 1210
583. Правилник за југословенските стандарди за мебел — — — — — — — — 1210
584. Правилник за југословенските стандарди за електромедицински уреди и опрема — 1211
585. Измени и дополненија на Списокот на организациите на здружен труд овластени за атестирање на електрични апарати за домаќинството — — — — — — 1211
586. Одлука за измени на Одлуката за усогласување на обемот и на динамиката на порастот на пласманите на банките во периодот од 1 јули до 30 септември 1982 година — — — — — — — — — 1212
587. Одлука за утврдување на производителските продажни цени за добиток за 1982 година — — — — — — — — — 1212
Одлука за оцена на законитоста на член 126 став 2 од Статутот на Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на работниците на Хрватска — — — — — — — — — 1214
Укази — — — — — — — — — — 1215
Назначувања и разрешувања — — — — 1216
Одликувања — — — — — — — — — 1217

Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Вељко Тадић. — Печати Београдски издавачко-графички завод, Белград, Булевар војводе Мишића бр. 17.